# Инфраструктура

## Осветлување

***Проблем :***

Голем делод општината Дебар како и селските населби се во целосен мрак во вечерните часови. Ова се должи на нецелосна покриеност со улични светла и недоволно и ненавремено одржување на постоезката мрежа.

***Решение:***

- обновување на постоечките улични светла во општината како и поставување на дополнителни улични светла посебно во населбите Венец, Варош и Ќенаница
- поставување на осветлување околу училиштето и во новата населба Кошаришта во с.Г. Косоврасти
- навремено поправање на уличното осветлување во с.Г. Косоврасти
- навремено поправање на уличното осветлување во с.Д. Косоврасти
- поставување на дополнителни улични светла и нивно одржување во с. Могорче.
- поставување на дополнителни улични светла и нивно одржување во с. Џепиште и Отишани.

## Водовод и канализација

***Проблем :***

Дебар се соочува со хроничен недостаток од вода за пиење во летниот период. Тоа се должи на неконтролираната злоупотреба на водата за пиење за наводнување на земјоделските површини. Освен тоа, поради лошото одржување на водоводната мрежа има појава на загуби на вода. Згора на тоа е и лошото менаџирање со јавното комунално претпријатие.

***Решение:***

Подобрување на системот за наплата со што финансиски ќе зајакне ЈКП а со тоа ќе се подобри и одржувањето на водоводот

***Проблем :***

Сите селски населби се соочуваат со недостаток на вода за пиење.

***Решение:***

- Изградба на нова каптажа за дотур на пивка вода во с.Г. Косоврасти
- Реконструкција на постоечката водоводна мрежа и довршување и пуштање во употреба на резервоарот за вода во с.Д. Косоврасти
- Довршување и пуштање во работа на резервоарот за вода како и носење на дополнителни количини на вода за пиење од околните извори за задоволување на потребите на селаните на с. Могорче.
- Довршување на водоводот за вода за пиење за селата Џепиште и Отишани.

***Проблем :***

Сите селски населби се соочуваат со непостоење на атмосферска канализација а фекалните води ги слеваат во околните реки со што директно се загадува средината и реките.

***Решение:***

- изградба на фекална канализација и пречистителна станица за с.Д. Косоврасти
- изградба на фекална канализација во должина од 800 метри во с.Г. Косоврасти
- изградба на фекална канализација и пречистителна станица за с.Могорче
- изградба на фекална канализација и пречистителна станица за с. Џепиште и Отишани

- реконструкција на атмосферката каналиизација во Дебар за да може да прифати атмосферските води.

## Урбанизам

***Проблем :***

Многу од улиците во Дебар и селските населби се оштетени и на нив тешко се одвива сообраќајот. Потребна е нивна санација и реконструкција, како и поставување хоризонтална и вертикална сигнализација. Дел од тротоарите се претворија во паркинзи

***Решение:***

- целокупна асфалтирање на лиците во Населба Венец 1 и Венец 2
- Улиците кои се покриени со Бехатон коцки да се замени со асфалт нас. Будулец и Варош
- асфалтира патот кој го поврзува селто Могорче со регионалниот пат Дебар – Маврово како и асфалтирање на селските улици
- поплочување на помалите селски улици со Бехатон коцки во с. Могорче
- доврашување со поплочување на започнатите улички во с.Г. Косоврасти
- Асфалтирање на селските главни улици како и споредни уредување со коцки бекатон с.Д.Косоврасти

***Проблем :***

Генерален проблем е неконтролираното фрлање на смет како и никнување на диви депонии во селските населби. Очигледен е недостаток од канти и контејнери за фрлање на сметот.

***Решение:***

- одредување на локација за депонија и организирање на собирање на смет за с. Џепиште и

- Отишанипоставање контејнери и канти за смет и отпад, одредување на локација за депонија и  организирање на собирање на смет за с. Могорче
- Обезбедување и поставување на контејнери и канти низ селото за собирање на отпад и смет с.Г.Косоврати
- Обезбедување и поставување на контејнери и канти низ селото за собирање на отпад и смет с.Д.Косоврати
- - Поставување на корпи за ѓубре и  допнителни контејнери во Дебар.

***Проблем :***

Не навремено собирање на сметот од страна на комуналното претпријатие

***Решение:***

Примена на системот за класифицирање и собирање на смет кој што е развиен и функционира во европските држави со што би се подобрила чистотата во градот, ќе се заштити животната средина со рециклирање на отпадот и ќе се подобри финансиската состојба на ЈКП а со тоа и квалитетот на услугите кои треба да ги понуди  тоа.

***Проблем :***

Паркот кој се наоѓа во центарот на градот  како и скоро изградеиот парк во нас. Венец 1 се неуредни и нечисти.

***Решение:***

Уредување на градското зеленило со ангажирање на млади волонтери и социјални штитеници и организирање на редовни акции за чистење на зелените површини

# Сообраќај

***Проблем :***

Дел од тротоарите во Дебар се претворија во паркинзи со што се загрозува безбедноста на пешаците.

***Решение:***

Изгадба на паркин простор во централното градско подрачје и регулирање на режимот на сообраќај во центалното градско подрачје

Изградба на паркинг простор пред влезот во селото во с.Г.Косоврасти

***Проблем :***

Одржување на регионалниот пат Дебар-Маврово и дебар Струга како и сите улици и пристапни патишта во зимски услови кога има снег на патиштата. Секоја зима Дебар и околуната се доведуваат во ситуација да бидат одсечени од светот и по неколку дена

***Решение:***

Формирање на посебна служба во склоп на ЈКП која што ќе го опфати одржувањето на патичтата и чистењето на снегот на целукниот реон на Дебар и околината.

дејствување на централната власт за бодобрување на условите за работа на Македонија Пат

***Проблем :***

Мостот кој што практично ги поврзува селата Долно и Горно Косоврасти со остатокот од светот е во незавидна состојба. Претесен е и по него тешко поминуваат стопански возила. Коловозот е оштетен а и речиси да нема заштитна ограда.

***Решение:***

Изгадба на нов мост

# Пазари

***Проблем :***

Пазарот во Дебар не ги задоволува хигиенските и санитарни услови. Тој е претесен поради тоа зафаќа дел од градските улици со што се намалува безбедноста во сообраќајот.

***Решение:***

Реконструкција, покривање и проширување на Градски пазар на постоечката локација. Нова подлога, услови за одржување на чистотата со одвод на води, санитарни чворови, поделба по секции

# Речно корито

***Проблем :***

Во с.Д.Косоврасти проблем претставува наидувањето на води во период кога се топат снеговите. Коритото кое ги канализира овие води поминува сред селото и претставува закана за поголемиот дел од селото

***Решение:***

- Довршување на започнатото корито во селото од големата суводолица кој поминува низ средина на селото и зпочнување со изградба на ново корито од суводолицата „Елица“ .

- Пошумување на суводолиците за спречување на ерозијата на почвата

***Проблем :***

Голем проблем за селаните на Горно Косоврасти претставува свлечиштето над селото кое претставува потенцијална опасност за поголемиот дел од селото

***Решение:***

Изнаоѓање на техничко решение и ангажирање на специјализирани фирми за санација на свлечиштето.

# Наводнување

***Проблем :***

Селата Џепиште и Отишани имаат проблем со вода за наводнување на земјоделското земјиште бидејќи водата за наводнување доаѓа од соседна Република Албанија според меѓудржавен договор, но договорот не се почитува од Албанска страна и водата веќе 4 години не доаѓа во селата, а земјоделското земјиште останува необработено

***Решение:***

Изградба на пумпна станица која ќе влеше вода од реката Дрим за вода за наводнување за што средства би се обезбедиле од пред пристапните ИПАРД фондови.

***Проблем :***

Дефицитот од вода за наводнување на Дебарско поле се јави заради кражбата на пумпната станица за користење на вода од акумулацијата Шпиље.

***Решение:***

Изградба на пумпна станица за вода за наводнување за што средства би се обезбедиле од пред пристапните ИПАРД фондови.

# Инвестиции и економски развој

## Капитални инвестиции

***Проблем :***

Алармантна е ситуацијатасо Мелнички Мост. И покрај тоа што не е во ингеренции на локалната самоуправа, проблемот состојбата на Мелничкиот мост мора да се потенцира. Овој мост е единствената врска на Дебар со северо-западниот дел на Македонија. Згора на тоа е и фактот што низ него поминува главната водоводна линија која што го снабдува градот со вода за пиење.

***Решение:***

Основна задача на претставниците на Сојузот за иднината во локалната власт ќе биде да максимално влијаат на централната власт за што поскоро изнаоѓање на решение и средства за изградба на нов мост.

***Проблем :***

Во село Долно Косоврасти уилишната зграда е од 1969 г. Се работи за барака која е со изминат рок за употреба.

***Решение:***

Основна задача на претставниците на Сојузот за иднината во локалната власт ќе биде иницираат од централната власт обезбедување на финансиски средства за изградба на нова ушчилишна зграда.

***Проблем :***

Во село Могорче училишната зграда има видни оштетувања и нема нормални услови за одвивање на наставата.

***Решение:***

Ќе се залагаме за реконструкција на објектот, и реновирање на инвентарот.

***Проблем :***

Дебар и селските населби имаат проблем со големиот број бездомни кучиња . Нив ги има во голем број и некои од нив се агресивни и опасни за околината.

***Решение:***

Изградба на стационар за бездомни кучиња. Достоинствен третман на овие кучиња наместо нивно убивање и измачување. Нивна стерилизација и кастрација од страна на служба на општината по принципот залови – стерилизирај – врати, едукација на населението, кампања за вдомување на миленици.

***Проблем :***

Во Дебарската населба Коњари има појава на одгледување на добиток во населено место.

***Решение:***

Со учество во локалната самоупраава ќе предлжиме нормативи за одгледување на добиток и ќе иницираме решавање на вакви случаи со дислокација на објектите во кои се чува добитокот.

## Економски развој

***Проблем :***

Дебар е познат како печалбарски град.

***Решение:***

Основна задача на претставниците на Сојузот за иднината во локалната власт во поглед на поспешување на економскиот развој во општината ќе биде обезбедување на државно земиште по цена од 1 евро од м2 за привлекување на печалбарите да инвестираат во општината со што би се добил повеќекратен бенифит.

# Подобри услуги за граѓаните

***Проблем :***

Во локалната самоуправа не е запазен принципот на правична застапеност на етничките групи.

***Решение:***

Основна задача на претставниците на Сојузот за иднината во локалната власт во овој  поглед ќе биде ангажманот за правична застапеност на сите етнички групи во локалната самоуправа.

***Проблем :***

Во с.Могорче веќе долго време нема леарска служба во попладневните часови. Во случај на потреба потребно е да се патува до Дебар кој е на одалеченост од 15 км.

***Решение:***

Основна задача на претставниците на Сојузот за иднината ќе биде да сеовозможи присуство на патронажна служба која ќе го покрива целиот реон.

# Квалитетен живот

## Образование

***Проблем :***

Во делот на избор на наставници, многу е честа појавата на избор на неадекватни наставни кадри со што се намалува квалитетот на наставата.

***Решение:***

Со своето учество во решавање на одредни кадровски прашања ќе допринесиме за правилен избор со што ќе се подобри квалитетот на образованието .

## Спорт

***Проблем :***

Спортскиот полигон во с.д.Косоврасти е оставен на милост и немилост на забот на времето. Речиси и да нема услови за одржување на спортски активности на него.

***Решение:***

Со минимални средства можно е оградување на училишниот спортски полигон и довршување на спортскиот стадион во селото.